Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

[redacted]

Република Македо
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.
1000 Скопје,
Република Македони
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.m
Сајт: www. moepp.gov

Архивски бр. 13-5389/1

Дата: 02.11.2017 07. 11. 2017

До: Ајде Македонија
Адреса: Васил Ѓорѓов 47-б
Место: Скопје

Предмет: Произнесување по предлог на Асоцијацијата за чиста животна средина „ Ајде Македонија“

Почитувани,

Во врска со вашето барање по предмет: Произнесување по предлог на Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија“, за донесување на Законт за донирање на вишокот на храна, Ве известуваме дека Министерството за животна средина и просторно планирање го поддржува истиот и смета дека ќе придонесе кон намалување на создавањето на отпад од органско потекло во Република Македонија.

Воедно укажуваме дека министерството нема надлежности во постапувањето со производи кои можат да се користат од страна на луѓето. Имено, според Законот за отпад („Службен весник на Република Македонија“бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 156/15, и 63/16), за отпад се смета секоја материја или предмет што припаѓа на категории на отпад што создавачот или поседувачот ја/го отфрла, има намера да ја/го отфрли или од него се бара да ја/го отфрли; “. Со ова се уредува дека со вишокот храна ќе треба да се постапува како со отпад од оној момент кога се задоволува наведената дефиниција.

Од оваа причина сметаме дека другите надлежни органи, кои го регулираат постапување и безбедноста на предмети кои можат да се консумираат од страна на човекот и кои можат да бидат во допир со човекот, треба да се произнесат за начинот на регулирање и за

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македо
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.
1000 Скопје,
Република Македони
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.m
Сајт: www. moepp.gov

другите услови кои можат да придонесат кон поголемо искористување на вишокот на храна, како и задоволување на здравствено безбедносните стандарди.

Ја користам приликата да ве уверам дека Министерството за животна средина и просторно планирање ја поддржува вашата иницијатива и е спремно да ви достави дополнителни информации доколку ви се потребни.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

Изработил: Музафер Бајрам
Контролирал: Јадранка Иванова
Согласен: по овластување на Министер,
државен советник за климатски промени
Теодора О. Грнчаровска